Министерот за култура Асаф Адеми, заедно со постарата советничка во Амбасадата на Кралството Данска во Белград надлежна и за Република Македонија, Мариане Топач, и почесниот конзул на Кралството Данска во нашава земја, Живко Мукаетов, синоќа во Кинотеката на Македонија присуствуваше и се обрати на свеченоста по повод почетокот на манифестацијата „Недела на современ дански филм“, во чии рамки ќе биде прикажан исклучителен избор од современата данска кинематографија...



Адеми, кој дел од својот професионален ангажман поминал како амбасадор на Република Македонија во Кралството Данска, во своето обраќање истакна дека односите на Република Македонија со европските земји, вклучувајќи го и Кралството Данска, се развиваат во духот на пријателството, меѓусебното разбирање и доверба.



Затоа, од особено значење е да се запознае дел од данската култура, која е уникатна, а да се види придонесот што го дава данското филмско творештво за светската кинематографија, е нешто навистина значајно. „Следуваат возбудливи филмски денови со избор од шест долгометражни филмови за кои верувам дека ќе ги задоволат вкусовите на македонските филмофили.



